Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19, 110/19, 154/19 и 121/2024), а во врска со член 8 став (5) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/2024) и член 46-б од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 283/23 и 169/2024), Министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

**Критериуми и процедури**
**за распределба на капитална дотација за инфраструктурни проекти во општините во областа на животната средина и просторното планирање за 2024 година**

Во Буџетот на Министерство за животна средина и просторно планирање, за 2024 година во разделот 18010 – Финансирање на дејностите од областа на животна средина и просторното планирање, во Програма/Потпрограма А – Децентрализација, АА Инфраструктурни проекти во општините, категорија 48 - капитални расходи, на ставка 488 - капитални дотации до ЕЛС, дополнително со измените и дополнувањата на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 169/2024) се предвидени средства за оваа намена.

Министерството за животна средина и просторно планирање ќе ја изврши распределбата на овие капитални дотации за инфраструктурни проекти во општините за 2024 година во согласност со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

## I. КРИТЕРИУМИ

Министерството за животна средина и просторно планирање ќе ја изврши распределбата на капиталните дотации за инфраструктурни проекти во општините од областа на животна средина и просторното планирање според следните критериуми:

- распределба на обезбедените финансиски средства според глава на жител од резидентното население во секоја општина согласно последниот попис во Република Северна Македонија и
- комплетноста на потребната проектна документација со сите потребни дозволи и согласности, со ревидирана предмер пресметка не постара од 12 месеци.

## II. ПРОЦЕДУРИ

Во согласност со член 8 став (1) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11,


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/2024), со дотации од Буџетот на Република Северна Македонија и од буџетите на фондовите се обезбедуваат дополнителни приходи во буџетот на општината за финансирање на нејзините надлежности определени со закон.

Во согласност со член 8 став (3) од овој Закон, видот, износот и распределбата на дотациите по општини се составен дел од Буџетот на РС Македонија и на буџетите на фондовите.

Во согласност со член 11 став (5) од овој Закон, во случај на обезбедување на дополнителни средства со изменувањата и дополнувањата на Буџетот на Република Северна Македонија, надлежните министерства и фондовите во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на истите ги објавуваат утврдените критериуми, процедури и рокови за распределба на капиталните дотации.

Во согласност со член 11 став (6) од истиот Закон, капиталната дотација се користи врз основа на донесена Одлука од Владата на Република Северна Македонија.

Министерството  за животна средина и просторно планирање на својата веб-страна ќе ги објави критериумите и процедурите за распределба на капитални дотации за инфраструктурни проекти во општините во областа на животна средина и просторното планирање за 2024 година.

Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за локална самоуправа ќе формира меѓуресорско, Координативно тело за следење и координација на активностите за спроведување на Програма АА -Инфраструктурни проекти на општините. Министерството за локална самоуправа ќе објави повик за изразување на интерес од страна на општините за финансирање на инфраструктурни проекти врз основа на критериумите објавени во оваа објава.

Владата на Република Северна Македонија, врз основа на член 11 став (6) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и согласно член 46-б од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, на предлог на Министерството  за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за локална самоуправа ќе донесе Одлука за користење капитални дотации за инфраструктурни проекти за општините за 2024 година.

По донесувањето на Одлуката од страна на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање ќе додели договори со кои ќе бидат регулирани правата и обврските на Министерството за животна средина и просторно планирање и на единицата на локалната самоуправа корисник на средствата за капитални дотации за инфраструктурни проекти за 2024 година.

Министерството за животна средина и просторно планирање ќе го следи користењето на капиталната дотација, а согласно член 46-б од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, исплатата на средствата ќе се врши врз основа на изведени работи и комплетна исплатна документација.

При констатирање неправилности во користењето на дотацијата, Министерството за животна средина и просторно планирање може да ја запре исплатата на средствата и за тоа ќе го извести Министерството за финансии.

**III. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА**


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “PresvetaBogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Евалуационата комисија ќе изврши проверка на комплетност и валидност, селекција, и ќе достави предлог за избор на проекти за финансирање до министерот за животна средина и просторно планирање.

Министерството за животна средина и просторно планирање ќе достави предлог Одлука за користење капитални дотации за инфраструктурни проекти за општините за 2024 година, до Владата на Република Северна Македонија.

Министерството за животна средина и просторно планирање ќе ги додели договорите за капитални дотации во областа на животна средина и просторното планирање за 2024 година веднаш по донесувањето на Одлуката од страна на Владата на Република Северна Македонија.

**Министерство за животна средина и просторно планирање**


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “PresvetaBogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk